Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ" бр. 82/18) и одредбите од Статутот на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија од Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# П Р А В И Л Н И К

## за одземање на диплома

### Член 1

**Општи одредби**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и начинот на одземање на диплома, согласно Законот за високото образование и Статутот на Приватната Високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст: ФБЕ).

**Одземање на диплома**

### Член 2

На студент кој завршил прв циклус стручни студии и втор циклус специјалистички студии може да му се одземе издадената диплома ако се утврди дека не исполнувал услови за добивање статус на студент, дека се здобил со соодветно звање спротивно на условите за стекнување звање или дека сторил кривично дело поврзано со стекнување на дипломата.

### Член 3

Постапката и начинот на одземање на стекнатата диплома ја води Комисија, формирана од Наставничкиот совет на ФБЕ (во понатамошниот текст: Наставничкиот совет).

Комисијата од претходниот став е составена од 3 членови, кои се задолжени да ги испитаат и оценат околностите за одземање на дипломата.

**Член 4**

Постапката за одземање на дипломата започнува со барање поднесено од засегнато лице.

Барањето од претходниот став задолжително содржи име и презиме на подносителот, наводите за одземање на дипломата, како и докази со кои се потвдуваат наводите во барањето.

Комисијата од член 3, став 1 е задолжена да ги испита наводите и да ги оцени околностите за одземање на дипломата.

**Член 5**

По испитувањето и оценувањето на околностите, Комисијата поднесува предлог до Наставничкиот совет за одземање на дипломата.

Предлогот за одземање на дипломата задолжително ги содржи фактите и доказите, врз основа на кои Наставничкиот совет донесува одлука за одземање на диплома или за отфрлање на предлогот со наведено образложение за таквата одлука.

**Член 6**

ФБЕ најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за одземање на диплома, го известува надлежното министерство за водење на високото образование и се објавува во Службен весник на РМ.

**Член 7**

Доколку Комисијата оцени дека наводите и доказите не се доволни за продолжување на постапката за одземање на дипломата, поднесува предлог до Наставничкиот совет за отфрлање на барањето поради недоволно докази.

Наставничкиот совет, врз основа на фактите и доказите поднесени од страна на Комисијата, донесува одлука за отфрлање на барањето поради недоволно докази.

Против одлуката на Наставничкиот совет, засегнатото лице може да поведе спор до надлежните институции за одземање на диплома.

**Член 8**

Наставничкиот совет одлучува полноважно, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови, а одлуката за одземање на дипломата ја донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

**Директор,**

**д-р Биљана Ѓозинска, с.р.**